КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 01 - 1061
01.10. 2018 год.
СКОПЈЕ

27.8.2018

Врз основа на член 15, став 1, точка 26 од Статутот на Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија, Управниот одбор на Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија на седницата одржана на 27.8.2018 година го донесе следниот

# ПРАВИЛНИК
## за работа на Комисијата за решавање жалби од втор степен во Комората

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се уредува работата пред Комисијата за решавање жалби од втор степен (во натамошен текст: Комисијата) во Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија (во натамошниот текст: Комора).

Член 2

Комисијата е второстепен орган во Комората, кој одлучува:

- по жалби на одлуки и решенија донесени од Дисциплинската комисија на Комората
- по жалби на одлуки од други првостепени органи и комисии во Комората, кога тоа е дозволено и регулирано со Статутот на Комората и законската регулатива.

### Жалби по одлуки од Дисциплинската комисија

Член 3

Жалба против одлуката на Дисциплинската комисија може да се поднесе до Комисијата за решавање жалби од втор степен, во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката.

Комисијата за решавање жалби од втор степен мора да донесе одлука во рок од 30 дена од денот на приемот на жалбата.

Против одлуката на Комисијата за решавање жалби од втор степен може да се покрене постапка пред надлежен орган согласно закон.

Ако Комисијата за решавање жалби од втор степен не донесе одлука во рокот од став 2 од овој член, овластениот архитект или овластениот инженер може да поведе управна постапка во рок од 15 дена од изминувањето на рокот на второстепената комисија.

### Жалби по одлуки од други првостепени органи во Комората

Член 4

Жалба против останати административни постапки од други првостепени органи и комисии во Комората, кога тоа е дозволено и регулирано со Статутот на Комората и со закон, се поднесува во соодветно утврдените рокови од актите на Комората.

Ако овие рокови не се утврдени, се следат роковите за жалба од Законот за општа управна постапка.

Член 5

Постапката пред Комисијата за решавање жалби од втор степен е јавна, освен во случаи кога, со цел да се заштити приватноста на странките во процесот, претседателот на Комисијата носи одлука да се одржи претрес од затворен тип.

## II. ПОСТАПКА ПРЕД КОМИСИЈАТА ЗА РЕШАВАЊЕ ЖАЛБИ ОД ВТОР СТЕПЕН

### Поведување постапка пред Комисијата за решавање жалби од втор степен

Член 6

Жалбата се поднесува преку архивата на Комората и задолжително го содржи основот по кој се поднесува жалбата.

По исклучок од ставот 1 на овој член, жалбата може да се поднесе и електронски, преку официјалниот имејл на Комората доколку е потпишана со електронски потпис на подносителот.

Подносителот, кон жалбата доставува и:

- копија од решението/одлуката која се обжалува,
- останат доказен материјал за предметот.

Член 7

По поднесувањето на комплетната жалба со сите неопходни материјали/докази, таа архивирана се доставува до претседателот на Комисијата.

### Постапка и одлучување од Комисијата за решавање жалби од втор степен

Член 8

Претседателот на Комисијата по добивањето на жалбата, а водејќи грижа за роковите од член 3 и 4 од овој Правилник, ја свикува Комисијата.

Член 9

Комисијата работи во состав од тројца членови.

Во случај кога претседателот на Комисијата не е во состојба да ја води постапката, него го заменува заменик-претседателот. Заменик-претседателот свикува седница на Комисијата.

Во случај кога кој било од членовите на Комисијата не е во состојба да учествува во постапката, претседателот на Комисијата, или во негово отсуство заменик-претседателот, повикува заменик-член на Комисијата.

Член 10

Комисијата за решавање жалби од втор степен може да ги повика двете страни да дадат дополнително писмено или усно изјаснување за предметот.

Член 11

Одлуките на Комисијата се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Комисијата.

Член 12

Комисијата за решавање жалби од втор степен може:

- да ја одбие жалбата како недозволена,
- да ја прифати одлуката/решението на првостепениот орган,
- да ја укине првостепената одлука/решение и да го врати предметот на повторно разгледување од првостепениот орган,
- да ја преиначи одлуката/решението на првостепениот орган.

Член 13

Одлуката за Комисијата за решавање жалби од втор степен се доставува до двете страни во постапката, во рок од 7 (седум) дена од доставата на одлуката до архивата на Комората.

Член 14

Правилникот стапува на сила од денот на донесување од страна на Управниот одбор на Комората.

**Претседател на Управниот одбор на Комората,**
**проф. д-р Миле Димитровски**